**Мнозинство од 56,5% од испитаниците се согласуваат со продолжувањето на спроведувањето на Договорот со Грција во Собранието** на Република Македонија, односно со процесот на измена на Уставот
**, а 40,8% не се согласуваат**
. Значително поголем е процентот на етничките Албанци кои рекле дека се согласуваат (92,6%) во однос на етничките Македонци (43%). Ова го покажа најновото истражување на
**МЦМС и Телевизија Телма за актуелните политички случувања.**




**Мнозинска е и поддршката (54,4%) за пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои гласаа за отворањето на постапката за Уставните измени** во Собранието на Република

Македонија. Гледано низ призмата на етничката припадност, прилично се изедначени одговорите кај етничките Македонци, односно 46,1% ги поддржуваат, а 47,4% не ги поддржуваат. Кај етничките Албанци пак, големо мнозинство од 77,5% ги поддржуваат.

**Големо мнозинство од граѓаните (66,9%) сметаат дека не е потребна амнестија** за политичко помирување во земјата, туку спроведување на правдата. Поинаку мислат околу една четвртина од граѓаните (24,8%). За околу 10 процентни поени е повисок бројот на етничките Македонци (27,9%) кои сметаат дека амнестијата ќе донесе политичко помирување во однос на етничките Албанци (17,6%). Изедначен е бројот на гласачите на ВМРО-ДПМНЕ кои се „за“ (47%) и оние кои се „против“ (47%) амнестијата, додека кај гласачите на СДСМ големо мнозинство од 81,7% сметаат дека амнестијата нема да придонесе за политичко помирување. Дваесет процентни поени е разликата меѓу испитаниците кои се согласуваат (37,0%) и оние кои не се согласуваат (57,8%) со амнестијата за обвинетите/учесниците во настаните во Собранието на 27 април 2017 година. Посилно несогласување има кај етничките Албанци (67,6%) отколку кај етничките Македонци (53,2%) и кај гласачите на СДСМ (74,5%) во однос на гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (26,9%).
**Мнозинство од граѓаните (61,7%) не се согласуваат ниту со амнестија за лицата кои се дел од обвиненијата на Специјалното јавно обвинителство**
. Иако несогласувањето е мнозинско и кај македонската и кај албанската заедница, сепак понагласено е несогласувањето кај етничките Албанци (70,5%) во однос на етничките Македонци (56,9%). Речиси 42 процентни поени е разликата помеѓу гласачите на СДСМ (74,5%) и оние на ВМРО-ДПМНЕ (26,9%) кои не се согласуваат со амнестија во случаите на СЈО.

**За мнозинството од граѓаните (58,9%) вонредни избори не се решение за политичките случувања,** додека една третина (33,5%) сметаат поинаку. Нема значајни разлики гледани низ етничка перспектива. Вкупно 47% сметаат дека избори треба да има во редовен термин, додека една четвртина сметаа дека треба да се организираат вонредно, во скратени рокови. За 16,1% изборите треба да се одржат заедно со претседателските избори во март 2019 година.


Според Вас дали вонредни избори се решение за политичките случувања во земјата?
58,9%
33,5%
7,2%
0,4%
60,0
50,0
40,0
30,0
20,0
10,0
,0
Не
Да
Не знам
Одбива да одговори

[illegible]